РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-2449/1 од 14.07.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за натамошно постапување, од причина што друг орган презема дејствија за конкретниот случај.

Предметот со број 12-2449 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2449/1 од 14.07.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службено лице ///, овластен градежен инспектор во ///, бидејќи не презел должни службени дејствија, во врска со изградба на дворна ограда – ѕид на КП /// КО ///, со што бил узурпиран пристапниот пат на КП /// КО ///, кој обезбедувал и колски пристап и до КП /// КО ///, чии сопственици се подносителите. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

За утврдување на фактичката состојба ДКСК побара податоци, информации и документација за конкретниот случај од Општина Маврово и Ростуше, од Државен Управен инспекторат на РСМ, од Основно јавно обвинителство Гостивар, од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на РСМ како и од Министерство за внатрешни работи на РСМ. Од увидот во доставената документација, ДКСК утврди дека во конкретниот случај се постапува по кривичен предмет оформен од страна на Основно јавно обвинителство Гостивар. Следствено, ДКСК оцени дека по предметот нема елементи за натамошно постапување, од причина што друг орган презема дејствија за случајот.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk